ПРИЛОГ
Утрински Весник

# МОЌТА Е ВО НАРОДОТ

ЧЕТВРТОК 2 ОКТОМВРИ 2002




## Изборите завршија, што сега?

# Петтата колона (о)станува трет сектор



Мирјана Лазарова – Трајковска, претседател на Државната изборна комисија

**Изборите беа успешни и се завршија за кусо време**

Американскиот институт за мир, за балканската изборна сезона

**Тврдоглави проблеми - постојан национализам**

Протестен собир на седмата сила, пред МВР

**Новинарите не дозволуваат да бидат замолчени**

Разоружување, и на луѓето и на умот

Генетски модифицирана исхрана

**Спас за гладните во светот или креирање мутанти?**

**Крај!?!?!?**

А само што започнавме!

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ЕВРО БАЛКАН

## Постизборни пирусети

# Растерување на маглата

ЈОВАН ПЕТРОВ

Да се зборува за гласањето и за броењето на гласови станува поздодевно и од прераскажувањето на латино-американски серии (што за жал, определени поединци го поистоветија). Во целиот тој хаос од полициски упади, офсет хартија, медиумски војни, кривични пријави, ад хок постфестум НВО набљудувачи и разни други „забавни" содржини, едноставно се изгуби и смислата и поентата на правичните и фер избори.

На 16-ти Септември со крената глава сите беа горди од успехот - од најголемиот демократски дострел за кој најзаслужен беше и остана народот. Но, за жал , дојде и 17-ти, и разни недоветни политичарчиња и самонаречени патриоти ѝ дадоа многу горчлив вкус на нашата реалност. Дали сепак, не ни било судено да живееме среќно под нашето сонце?

Премногу облаци не надвија во нашите обиди да го надминеме нашиот сопствен национализам и себичност. Залудно гледаме тажно кон Словенија и Естонија додека до грло сме заглавени најзападно, најбалкански и, за жал, највулгарно.

Но, да се обидеме да бидеме конкретни и да најдеме некоја „сива" зона од овие избори за која сите молчат . Како ќе изреагирате доколку видите ваков случај на изборите: човек си влегува, го проверуваат со ултравиолетовата ламба и сè е во ред, дава лична карта, го пронаоѓаат на списокот и се знае дека гласа по прв пат, се потпишува, добива ливче, го прскаат со спреј и оди зад параванот за гласање. А, потоа, ја чека гужвата за да помине покрај кутијата без да го стави ливчето, т.е. тоа останува во неговиот џеб.

Темпираните мастила, самозаокружувачки ливчиња, ционистичко-антихристовите заговори, се елементарно непочитување на интелигенцијата на партиското членство на токму овој тип на лидери



Иако ги следевме најавите за таканаречени „бугарски возови„ тоа сепак, практично изгледаше неизводливо. Но според записниците на избирачките комисии оваа појава и тоа како се случувала - во речиси секое второ избирачко место, во барем неколку градови - недостасуваат од 2-20 ливчиња, кои најверојатно биле користени како „локомотиви" од страна на организаторите на „ возовите" - кои и да биле тие. Еден набљудувач од МОСТ успеал да фати на дело ваков обид, што беше документирано во повеќе медиуми. Не треба да се биде математичар за да се заклучи дека во кутиите недостасуваат, барем неколку стотици ливчиња.

Предмет на анализа треба да биде и зошто партиите, ДИК и меѓународните монитори на тоа не реагираа сериозно и дали е тоа заради добивање гласови, од страв да не се прегласува, да не се оддолжи избирачкиот процес или, пак, да не се поклопи со косовскиот изборен процес.

Токму оваа сива зона може да биде злоупотребена од определени тажни политичари, кои имаат (пре)многу да изгубат од резултатите на овие (генерално) фер избори. Може некој да истури пред камери еден куп заокружени ливчиња и за тоа да му бидат виновени и НВО секторот, и НАТО, и Сорос и сите други, освен тој и неговите пријатели, кои можеби ги „набавиле" овие ливчиња преку организација на „возови".

Темпираните мастила, самозаокружувачките ливчиња, ционистичко-антихристовите заговори , се елементарно непочитување на интелигенцијата на партиското членство на токму овој тип на лидери.

Наместо заклучок би сакале да видиме детална анализа која би била надгледувана и од странски лаборатории, но почнувајќи со ливчињата, кои се појавија на разни прес- конференции. Па, ако се покаже дека овие ливчиња се оригинални, т.е. украдени, тогаш нивните „сопственици" и злоупотребувачи ќе треба да одговараат кривично за злоупотреба на изборни материјали.

Исто така, за да се растера маглата околу НВО набљудувачите, би било фер сите асоцијации преку оглас да ги објават списоците на сите делегирани набљудувачи со акредитации од ДИК, копија од судското решение за основање, имиња и структура на раководните органи како и буџет за 2002 година. На тој начин, од една страна, ќе се покаже транспарентност, а од друга страна, ќе се согледа дали некоја од нив е формирана со политичка позадина и евентуално- после изборите. Необјавувањето на овие податоци ќе значи прикривање и поткрепа за сомнежите.

Сепак, моќта била и останува во народот!

## Американскиот Институт за мир, за балканската изборна сезона

# Тврдоглави проблеми - постојан национализам

Умерените политичари се соочуваат со тешка битка да ја освојат власта или да останат во неа

За време на изборите што беа, или што ќе бидат спроведени оваа есен, во Босна (5-ти октомври), Косово (26-ти октомври), Македонија (15-ти септември), Црна Гора (6-ти октомври) и Србија(29-ти септември), меѓународната заедница постојано го надгледува регионот, со цел да увиди дали умерените, реформски настроени политичари можат да се справат со постојаните националистички сили на изборите. Триумфот на поддржувачите на Договорот за мир на парламентарните избори во Македонија е охрабрувачки, но во поголемиот дел од остатокот од регионот националистите се во предност, и покрај слабеењето на заканата од насилство и зголеменото внимание врз економските проблеми. Дали изборите ќе ги одложат реформите? Дали може насилството и нестабилноста да се вратат на Балканот?

На 6-ти септември, 2002 година (петок), американскиот Институт за мир, организираше Балканска работна група, каде што беше разговарано за овие проблеми. Неањсбте ги сумира најзначајните аргументи и доминантните гледишта:

**Реформистите се соочуваат со предизвици**

Овие избори бележат голем напредок во однос на минатото, со оглед на тоа што тие се одвиваат во релативно слободни и фер услови. Веројатноста за поголемо насилство е мала, но, умерените политичари се соочуваат со тешка битка да ја освојат власта или да останат во неа. Раздорот и неисполнетите очекувања кај избирачите предизвикаа апатија и непријателство кон реформата:

- Обединетите националисти добиваат поддршка, повеќе со нудењето заштита на своите етнички групи, отколку со залагањето за европска интеграција.

- Помладите, умерени гласачи можно е да останат настрана од изборите.

- Внатрешните политички судири меѓу реформистите водат кон опаѓање на рејтингот и потреба од коалиции со националистичките партии со цел да се обезбеди сигурно мнозинство.

- Слабите реформистички влади вложуваа напори во комплицирани реформи чии што придобивки се уште не се видливи.



Македонија се соочува со огромни предизвици при формирањето на нова коалициона влада, исполнувањето на обврските од Рамковниот договор, како и при справувањето со социјалните и економските предизвици

**Босна**

Економските проблеми ја надминаа етничката индентификација како главен проблем во Босна и националистите долго време беа во опаѓање, но заедницата на босанските Хрвати сè уште сонува за свој сопствен ентитет, а националистите останаа доминантни во Република Српска. Разделените реформистички партии ќе мораат во владините коалиции да ги вклучат националистичките партии.

**Косово**

Косово можеби ги ужива едни од најдобро спроведените избори во регионот, но локалните институции, што треба да ги овозможат изборите, се уште се слаби. Многу гласачи останаа неопределени, така што е можно да се зголеми изборната апстиненција. За да се овозможи самоуправа на Косово и притоа да се намали присуството на меѓународната заедница треба на локалните институции да им се пренесат повеќе надлежности. Учеството на Србите на изборите е неопходно за да се поправи нерамнотежата предизвикана од нивната апстиненција на последните локални избори; меѓутоа, условите за нивно учество се уште се далеку од прифатливи.

**Македонија**

Додека изборите поминаа добро, Македонија се соочува со огромни предизвици при формирањето на нова коалициона влада, исполнувањето на обврските од Рамковниот договор, како и при справувањето со социјалните и економските предизвици. Неуспехот на кое било од овие полиња би создал услови за обновување на насилството.

**Црна Гора**

Откако вешто ја преживеа својата одлука да ја задржи Црна Гора, барем привремено, во состав на една структура со заедничка власт со Србија, претседателот Ѓукановиќ се соочува со раскол кај силите што се залагаат за независност, како и со зголемена критика заради наводниот шверц. Дојде до поделба помеѓу реформски ориентираната политичка елита и целата популација. Политичарите се фокусираат на независноста, додека за гласачите справувањето со катастрофалната економска ситуација е од најголемо значење.

Србија

Неопределените гласачи во Србија, приближно 25% од населението, се всушност обесхрабрени во политиката. Реформската коалиција, која го смени Милошевиќ, се бори повеќе со самата себе отколку против проблемите на Србија. Апелот на претседателот Коштуница за национална постојаност и стабилност е многу поубедлив за многу гласачи, отколку добро обмислените но комплицирани планови на реформистите, кои не произведоа поголеми видливи придобивки во краткиот период од почетокот на нивното спроведување.

**Што треба да се направи?**

Додека САД се обидуваат да го намалат своето присуство на Балканот, реформистите гледаат како нивниот број на изборите опаѓа. Националистите тивко им аплаудираат на говорите за излезните стратегии, гледајќи на тоа како можност да се доберат до власт. За да помогне во обезбедувањето на мирот, меѓународната заедница би можела:

- Попрво да ги нагласи ангажманот и транзицијата отколку стратегиите за излез.

- Да го подобри владеењето на правото, да ја прекине врската на националистите со нелегалните извори на профит и да му стави крај на имунитетот на реформистите.

- Да ја зајакне самоуправата, изборите да ги претвори во средство за градење домашни институции кои ќе имаат вистинска контрола над политиките што влијаат врз животот на граѓаните.

- Да го охрабри одговорното истражувачко новинарство, кое ќе биде независно од политичките партии и во потрага по вистината за криминалот и корупцијата.

## Граѓанска акција „ДОСТА Е"

# Претставени сите НВО изборни проекти

Поради потребата уште еднаш јавно и јасно да се претставаат изборните активности на НВО- секторот, во рамките на кампањата "Моќта е во народот", платформата за граѓанска акција ДОСТА Е, неодамна одржа прес- конференција на која беа објавени детални информации за проектите на невладините организации, кои придонесоа за одржување на слободни, фер и демократски избори.

Најголемиот дел од активностите на третиот сектор се однесуваа на едукација и мотивација на гласачите, како и на мониторинг на изборниот процес. Проектите беа претставени преку фотографии и печатени материјали.

Интервју

БИЛЈАНА БЕЈКОВА

Мирјана Лазарова -Трајковска, претседател на Државната изборна комисија

# Изборите беа успешни и се завршија за кусо време

## *Заканиите со кривични пријави станаа популарна работа*

**За почеток на разговорот, а на самиот крај на изборниот процес, ќе сакате ли да ни дадете оцена за тоа какви избори имавме во Македонија?**

-Оцената на Државната изборна комисија е дека изборите се одвиваа во фер и демократска атмосфера.Ова беа мирни избори на кои граѓаните имаа можност слободно да ја изразат својата волја, а доказ за тоа е и фактот што уште во неделата, по сумирањето и утврдувањето на резултатите, имавме веќе јасно утврдени 119 мандати. Значи од вкупно 2.973 избирачки места остана да се прегласува само во две избирачки места. Самиот овој факт зборува дека изборите биле успешни. Ако го споредувате бројот на приговорите и на жалбите во однос на претходно спроведуваните избори ќе видите дека нивниот број, навистина е многу помал во однос на претходните избори. И тоа зборува дека, сепак, и учесниците во изборите, коишто сметале дека има некакви неправилности и прекршување на постапката, а имале можност тоа да го изразат преку приговори, забелешки на записниците, избирачките одбори и немале многу забелешки во тој дел, или немале многу основи за приговарање. Од тие причини можеме со право да речеме дека изборите биле успешни, завршија за релативно кусо време и веќе можеме да кажеме дека привршуваат, иако сѐ уште траат роковите за приговори и жалби по прегласувањето во Лешок и Орќуше. Но, во суштина претседателот на Собранието веќе закажа конститутивна седница на која треба да присуствуваат 119 пратеници на кои ДИК им издаде уверенија. Оцените и на домашната и на меѓународната јавност се дека изборите поминаа во демократска и конструктивна атмосфера, дека изборните органи си ја извршија работата непристрасно, совесно, законито и професионално и од тие причини, како ДИК, ние сме задоволни од тоа како се одвиваа изборите и од она што следеше по изборите како заокружување на целиот изборен процес.

**Дали ќе остане дамка врз изборите тоа што сѐ уште актуелниот министер за внатрешни работи, Љубе Бошкоски, се обиде да го направи и тоа што МВР пред очите на нашата и на светската јавност вршеше директен и отворен притисок врз ДИК?**

- Ние сметаме дека, сепак, нема да остане дамка врз овие избори поради тоа што се случуваше од 17 септември наваму, бидејќи ДИК не остави простор за каков било сомневања во јавноста во однос на нејзиното работење, како и во однос на спроведувањето и подготовките на изборите. ДИК најтранспарентно ја вршеше својата работа, па дури и за оние седници кои не беа од отворен карактер, преку нашиот информативен центар јавноста секогаш беше запозната. Зборуваме за оние затворени седници на кои се изнесуваа, или се зборуваше за лични податоци, на пример, конституирање комисии, обработување, односно потврдувањето на избирачкиот список, одлучување по жалби каде што се употребуваат лични податоци. Сите дејства на ДИК ние бевме подготвени да ги презентираме јавно и тоа го правевме преку нашиот портпарол. Она што МВР го посочи како основа за некакво сомневање, уништувањето на погрешно печатените табаци во печатницата во Прилеп, е работа којашто ДИК јавно ја пласираше.Значи, таа информација не излезе од некој друг, не ја осозна МВР, туку ДИК на прес- конференција, на која ја запозна јавноста со тоа што е направено во однос на подготовките на изборите, а непосредно пред одржувањето на самите избори, кажа дека имавме проблеми при отпечатувањето на ливчињата, а имаше и погрешно отпечатени табаци. Беше формирана и комисија и тие беа записнички поништени. Кога станува збор за толкав обем на работа, за дејства кои бараат отпечатување на огромна маса материјали(според некои наши процени се и отрошени над 50 тони хартија за сето она што излезе како обрасци, формулари, гласачки ливчиња и сѐ друго што ДИК го достави до изборните органи), нормално е да се случуваат грешки. Ние не сме единствен случај каде што може да се случи погрешно отпечатување на изборен материјал. Во прашање беше погрешно отпечатена транскрипција на ромско писмо и сметавме дека е политички опортуно да се застане во моментот на почетокот на подготвувањето на гласачките ливчиња, односно да се излезе со една таква грешка на изборите. Тоа ќе беше голем гаф! Како споредба за тоа дека вакви грешки се случуваат и во други држави, како пример може да послужи и Германија каде што една недела пред изборите, при печатењето на гласачките ливчиња се згрешени 120.000. Меѓутоа, за разлика од нас, Германците ги подврзале гласачките ливчиња во форма на тетратки и им ги поделиле на децата во училиштата да вежбаат изборно право. Ние не смеевме ни да помислиме да направиме тетратки од згрешените гласачки ливчиња, туку моравме да одиме на поништување на погрешно отпечатените ливчиња, сѐ со цел од вратата на печатница, на денот на изборите како изборен материјал за излезат точно 1.664.296 ливчиња и ниту едно повеќе или помалку. Така, дури и отпадоците што останаа од кроењето на табаците хартија при оформувањето на гласачките ливчиња беа уништени со записник. Мислам дека нема простор за какво било сомневање и за расправа околу некаква манипулација со хартија или невидливо мастило, затоа што истите тие пенкала ги користевме и кога новоизбраните пратеници се потпишуваа на уверенијата за пратеници. Убедени сме дека тоа мастило нема да избледнее во следните четири години.

> Нема простор за какво било сомневање за некаква манипулација со хартија или невидливо мастило, затоа што истите тие пенкала ги користевме и кога новоизбраните пратеници се потпишуваа на уверенијата за пратеници

**Колку се согласувате со констатацијата дека, доколку во критичниот момент не беше присутна меѓународната јавност во Македонија, можеше да дојде до државен удар, па макар тоа бил и мек пуч?**

- Присуството на претставниците на меѓународната заедница за ДИК беше важно уште од почетокот на подготовките на изборите. Кога велам претставници на меѓународна заедница, мислам на оние кои на каков било начин беа упатени на следење на изборниот процес: ОБСЕ, Канцеларијата на ОДИХР којашто го имаше мандатот за набљудување на изборите, Меѓународната фондација за изборните системи. Нивното присуство за нас беше значајно затоа што никогаш нема да знаете дали сте на вистинскиот пат, и покрај тоа што добро ја водите работата, ако немате кој да ви упати критики или пофалби за тоа што сте го направиле. Нашата работа уште од првиот ден, од првата конститутивна седница, сѐ уште ја следат долгорочните набљудувачи на ОБСЕ. Што значи, на сите состаноци и на оние кога сме констатирале грешка во печатените табаци хартија, и на оние кога сме го формирале работното тело за уништување на хартијата, и кога сме одлучувале по приговори, жалби, буквално на сето она што помина низ рацете на ДИК, присуствуваа мониторите на ОБСЕ. Ние бевме целосно отворени и транспарентни во начинот на работење и според нивното кажување ова е првпат ДИК да биде толку кооперативна со ОБСЕ, бидејќи тие ги следат изборите години наназад, поточно од 1994 година, кога почнаа да ги објавуваат извештаите за парламентарните избори во Македонија.

**Дали нивното присуство беше од голема помош и им влеа дополнителна доверба на членовите на ДИК ?**

- Нивното присуство, секако, беше од голема помош за ДИК, бидејќи во секој случај тие беа поткрепа и поддршка, а на некој начин и потврда за тоа дека државното изборно тело најсовесно и најзаконито работело. Во исто време, на прес-конференцијата беа присутни и голем дел од западните дипломати, бидејќи ние ја најавивме неколку дена претходно, за да ги кажеме утврдените резултати. На средбата присуствуваа десетина амбасадори, што само по себе е потврда дека овие избори имале поддршка, а на некој начин и тоа што го работевме ние било поддржано од меѓународната заедница.

**Министерот Бошкоски го подигна уверението за пратеник, но, сепак, не се откажа од заканите со кривични пријави до Вас лично и до членовите на ДИК. Како гледате на барањата да не му се верификува мандатот, бидејќи за него постојат неколку кривични пријави?**

- Јас сѐ уште не сум добила официјално известување за покренати кривични пријави против мене или против кој било член на ДИК. Ние сме колективно тело и сите одлуки ги носиме заедно. Ниту претседателот на ДИК може да преземе некакво дејствие без да знаат другите членови, ниту пак, може да одлучи во свое име без расправа. Сите одлуки ги носевме и носиме со гласање, некогаш со консензус, друга пат со двотретинско, или пак, со просто мнозинство. Во врска со најавените кривични пријави од МВР, освен преку средствата за јавно информирање, немам други сознанија, ниту пак сум информирана за тоа од страна на надлежните органи. Се чини дека заканите со кривични пријави станаа многу популарна работа во државава и кога ќе пристигнат тогаш би ги коментирала. Во однос на верификувањето на мандатите, тоа е веќе работа на Комисијата којашто ќе ја формира Собранието на конститутивната седница и која ќе расправа чиј мандат ќе го верификува или не. Ние како ДИК нашата работа ја заокруживме со издавањето на уверенијата и со доставувањето на извештајот за спроведените парламентарни избори до Собранието на Република Македонија. Меѓу мнозинството идни пратеници своето уверение го подигна и министерот Бошкоски, а членовите на ДИК му честитаа и му посакаа среќа и успешна работа.

**Како ја оценувате работата на мониторинг-групите кои беа организирани од невладините организации, односно граѓаните и колку тие Ви беа од помош?**

-Граѓанските здруженија се значаен сегмент на едно граѓанско општество и нивното јакнење и вклучување во процеси, како што се изборните дејства, е значаен сегмент на една држава.Тоа покажува колку државата е отворена кон граѓаните, колку го прифаќа тоа што произлегува од граѓаните. Првпат на овие избори толку масовно беа набљудувани изборите од страна на домашните набљудувачи. Малку се зборуваше за тоа во јавноста, но ние имавме многу поголема бројка домашни, отколку странски набљудувачи. Тие беа присутни буквално на секое избирачко место. Бројот на домашни набљудувачи беше над 3.000 лица и тие се покажаа навистина како значаен сегмент на овие избори. Имавме обраќање од граѓанските здруженија пред изборите и од женските невладини организации, од невладини граѓански здруженија, во чиј фокус се човековите права. Со сите коишто се концентрирани на изборите требаше да се поразговара, да се слушнат нивните размислувања, како тие ја замислуваат нивната улога на денот на изборите и пред изборите. Многу од нив водеа цели кампањи, големи проекти, за зголемено учество на жените на листите на кандидати, едукативен дел наменет за жените-гласачи.Сето тоа, според мене, се елементи кои помогнаа во успешноста на овие избори, бидејќи едукацијата на гласачите, на учесниците во изборите е веројатно еден од позначајните сегменти. Јас се надевам дека и на сите наредни избори учеството на граѓанските здруженија во предизборието и на изборите ќе биде помасовно, или барем, да се задржи оваа константа која сега се покажа многу добра. Лично сметам дека е тоа значаен чекор во однос на поставеноста на домашните граѓански здруженија.

> Граѓанските здруженија се значаен сегмент на едно граѓанско општество и нивното јакнење и вклучување во процеси, како што се изборните дејства, е значаен сегмент на една држава

**Активностите на невладините организации беа насочени и кон намалување на интензитетот на т.н. колективно гласање. Дали имате сознанија дека тоа беше редуцирано како појава во однос на тоа што го имавме во претходните години?**

- Ние сѐ уште го чекаме извештајот на набљудувачката мисија на ОБСЕ - ОДИХР, од оние околу 1.000 набљудувачи кои го следеа целиот изборен процес. Она што досега беше објавено како извештај на групата на Парламентарното собрание на ОБСЕ и на Советот на Европа не значи дека е извештај и на ОДИХР, бидејќи се работи за два различни извештаја. Во извештајот на Парламентарното собрание на ОБСЕ и на Советот на Европа имаше укажувања за појава на т.н. семејно гласање, но не приближно во толкави размери како во претходните години, додека од нашите разговори со набљудувачите по завршените избори на 15 септември заклучивме дека оваа појава беше навистина со минорни размери во однос на поранешните години. Она што претходно се нарекуваше традиционално семејно гласање кај одредена група граѓани во Македонија се покажа дека воопшто не е традиционално сфаќање на изборите, туку дека и таа група граѓани овој пат си го оствари своето право со изразување на слободната волја и тајно гласање. Сигурно дека некаде имало отстапувања, меѓутоа сметаме дека, споредно со претходните избори, навистина е занемарливо како појава.

**Дали Македонија по изборите може да кажеме дека влегува во победеднички води или има сѐ уште прашалници во нејзината безбедност?**

- Македонија нема друг избор. Таа е составен дел на Европа, тоа е портата кон Европа и ми се чини дека мирот и безбедноста се предуслови за било што друго да се случува. Убедена сум дека овој парламентарен состав, имајќи ги искуствата од претходните години, ќе го има тоа на ум и дека и позицијата и опозицијата ќе бидат конструктивни и ќе настојуваат да се концентрираат кон напредок, кон просперитет на државата.Тоа ќе значи обезбедување мирен живот на граѓаните и економски просперитет. Други алтернативи немаме.



Фото: Филип Антовски

**По сето ова искуство, дали Мирјана Лазарова-Трајковска ќе се нафатеше на предизвиците што ги носи оваа функција, доколку знаеше што ја очекува?**

Оваа функција е со мандат од пет години, што значи дека на овој комисиски состав му претстојат локални, претседателски и уште едни парламентарни избори. Дали ќе останам на оваа функција, веројатно, ќе зависи од други фактори, во прв ред што ќе се случува понатаму со мојот професионален ангажман. Но, во секој случај, засега овој состав на комисијата останува да работи и веднаш по завршувањето на изборните дејства ние продолжуваме со работа. Комисијата ќе се зафати со многубројните задачи што ѝ претстојат од оформувањето на професионалниот секретаријат, барањето трајни решенија. Мора да се направат првите чекори кон градење професионална изборна администрација. Постоењето на секретаријатот што го предвидува Законот е само прв сегмент во однос на она што јас би го нарекла нов пристап во работата на ДИК. Во секој случај, оваа Комисија има уште многу задачи пред себе и јас сум лично убедена дека, доколку работиме на ист начин како што работевме во подготовката на овие избори, ќе ги оствариме сите задачи.

Што по изборите

# Петтата колона (о)станува трет сектор



ЗОРАН ЈАЧЕВ



Откако *легна* прашината по изборите, настапува период на отрезнување. Победниците прославија, останатите се помирија со исходот, а главното прашање кое останува да лебди во воздухот е - што и како понатаму? Македонија и пред минатогодишната криза беше *зрела* за значајни реформски зафати, кои по неа се уште попотребни, но и потешки за спроведување. Предизборните ветувања на сите партии, вклучувајќи ги и победниците на изборите, беа многу јасни, цврсти и недвосмислени - владеење на правото, лична безбедност, борба против корупцијата, економски просперитет, нови вработувања. Со еден збор - РЕФОРМИ!

Имајќи ги во вид навиките на нашите политички елити реформите да ги прават кампањски, селективно и најчесто во маркетиншко-алиби стил, само вистинските оптимисти можат да очекуваат во скора иднина да ни процветаат рози. Но, овој пат, нема простор за дневно-политички маневри, бидејќи Македонија има само две опции - или ќе се претвори во нормална држава или ќе заврши како *црна дупка* во регионот, правејќи им друштво на Албанија и Косово. Граѓаните се' подолго ги паметат предизборните ветувања а меѓународната заедница очигледно нема намера да ни дозволи уште еднаш самите да си

ј ... деста ...

билизира... државата а ... со тоа и регионот.

Затоа, во претстојниот период, веројатно во целата наредна декада, пред домашната законодавна, извршна и судска власт, без разлика која партија или коалиција ќе владеат во земјава, стојат огромни обврски. Ако нашите политички елити имаат намера да сторат нешто позитивно за своите граѓани, ќе мораат да заборават на старите навики и да се зафатат со сериозна работа. Но, дали може да се очекува дека тие ќе имаат политичка волја и капацитет да се зафатат со реформи кои нема да дадат видливи резултати на краток рок ... и ... да ... ризику-ваат непопуларност кај гласачите? Тешко е да се очекува дека некој од нашите политичари во догледно време ќе собере храброст да им соопшти на граѓаните низ што се треба да поминеме, пред да почнеме да ги чувствуваме позитивните ефекти од реформите. Заради тоа, некој друг ќе мора постојано да врши притисок врз нив за средување на состојбите во сопствениот двор, пред да воопшто размислуваме за интегрирање во Европската Унија и НАТО.

Тоа мора да биде сторено од некој кој има доволен стручен капацитет и чесни намери и кој нема потреба да се занимава со политички калкулации, односно - цивилниот сектор. За да нема забуни, под цивилен сектор не се подразбираат само невладините организации, туку и медиумите, научните институции, факултетите, како и индивидуалните експерти кои работат надвор од нив. Тие не треба да имаат критизерска, туку конструктивна и активна улога а заради поголемата слобода на делување и размислување, ќе треба да се претворат во „пејс-мејкер„ на реформскиот процес. Цивилниот сектор треба да препознава прашања од јавен интерес, да покренува јавна дебата за нив, да предлага начини за решавање на проблемите, да го надгледува процесот на реформи и да ја известува домашната и светска јавност за тоа. Посебно значајна улога ќе мора да одиграат т.н. *тинк-тенк*-овите, односно оние невладини организации кои ги анализираат економските, политичките и безбедносните состојби во земјата и регионот и изготвуваат стручни препораки за решавање на проблемите.

Процесите кои стојат пред земјава се толку сложени што е илузорно да се очекува дека во политиката или администрацијата се наоѓаат сите стручни лица потребни за правилно дизајнирање на реформите и нивното спроведување. Заради непотизмот и потполната партизација, државната и локалните администрации се преработени, нереформирани, спори и пружаат отпор на се што може да им ги загрози позицијата и комоцијата. Заради тоа, поголемиот дел од експертите кои се најстручни во своите области немаат намера да работат во нив а ако работеле - или ги напуштиле или пак ја чекаат првата поволна шанса да го сторат тоа. Затоа, цивилниот сектор ќе биде неизбежен фактор и партнер во реформите кои ни претстојат, без разлика колку тоа не им се допаѓа на одредени антиреформски структури во партиите и на нивните непринципиелни, профитно ориентирани медиумски труби.

За да може да ја одигра таа улога, цивилниот сектор ќе мора неодложно да го окрупни својот потенцијал и да се сконцентрира на активности кои можат да помогнат во решавање на вистинските проблеми во земјата. Клучен фактор во насочување на цивилниот сектор кон реалните промени во земјава, може да биде и меѓународната заедница, односно организациите кои ја поддржуваат работата на цивилниот сектор. Тие не смеат да не го препознаат поволниот момент за искористување на парите на нивните даночни обврзници за финансирање на конкретни, реформско ориентирани проекти. Од тоа ќе имаме корист и ние, граѓаните на Македонија и меѓународната заедница, заради тоа што нема да мора постојано да ги плаќа сметките на неодговорното владеење во земјава.

Со тоа ќе им се помогне на поединците и организациите, кои што некои остатоци од минати и мрачни времиња ги нарекуваа „петта колона„ да (о)станат трет сектор, односно фактор кој ќе внесе баланс меѓу првите два - економијата и политиката. Така, цивилниот и конечно ќе може да го заземе местото кое му припаѓа во секоја цивилизирана земја и за кое, во последните неколку месеци, на тежок начин се избори.

(Авторот е претседател на Транспарентност - Македонија и ***извршен директор*** на *Центар за стратегиски истражувања и документација - Форум*

Протестен собир на „седмата сила„ пред МВР под мотото „Овде сме, тепајте!

# Новинарите не дозволуваат да бидат замолчени



ВИКТОРИО ЈАКОВЛЕСКИ

Ова е, според зборовите на новинарите, уште еден прилог кон мобилизирањето на новинарската солидарност и градење на цврста медиумска заедница во Македонија

Молкот е целта на оние кои ги тепаат новинарите, затоа во организација на Здружението на новинарите на Македонија, обединети македонските новинари, во понеделникот, излегоа на протест пред Министерството за внатрешни работи храбро носејќи ја пораката: **ОВДЕ, СМЕ ТЕПАЈТЕ!**

Македонското новинарство нема да биде замолчано, порачаа над 500 колеги кои на протестот го кренаа својот глас против сите видови притисок и застанаа во одбрана на дигнитетот на својата професија. Интересот на овој начин да го изразат своето незадоволство беше навистина исклучително голем. Покрај колегите од главниот град на државата,организирани од страна на Регионалните центри на ЗНМ, пристигнаа околу 150 новинари од цела Македонија.

Протестот беше исклучително успешен демократски и цивилизиран чин на изразување револт од сè позачестените напади врз новинарите и од непревземањето конкретни чекори од надлежните институции за разоткривање на сторителите на над четириесетина атаци врз слободата на изразувањето. Ова е, според зборовите на новинарите, уште еден прилог кон мобилизирањето на новинарската солидарност и градење на цврста медиумска заедница во Македонија.




Протестот започна пред Собранието на Република Македонија и се “слушаше” сè до зградата на МВР, но и подоцна за цело времетраење на собирот. Овој пат новинарите решија помалку да го користат своето оружје зборовите и конечно да бидат слушнати. Со громогласно свирење ја исвиркаа неспособноста на надлежните државни органи да ги разрешат многубројните случаи на малтретирањата на новинарите и да ѝ ставаат точка на “неслободата” на информирањето во Македонија.

Во Прогласот против загрозувањето на животот и безбедноста на новинарите во Македонија и зачувувањето на новинарското достоинство новинарите порачаа:

Нападот врз колегата Зоран Божиновски на неговото работно место ја прели чашата!

Повеќе од четириесетина наши колеги во изминативе неколку години беа жртви на насилство врз слободата на јавното изразување.

Надлежните институции досега не сторија ништо за разоткривање на сторителите и спречување на насилниците во нивната изопачена верзија на замолкнување на јавноста.

Им благодариме на МВР од Куманово за ефикасното реагирање и приведувањето на еден од тепачите на колегата Божиновски. Меѓутоа, бројните вандали сеуште се на слобода.

Нашиот протест ќе биде континуиран до моментот на разоткрива-ње на сите случаи на насилство врз новинарите.



Молкот е целта на оние кои ги тепаат новинарите. Здружението на новинарите на Македонија со овој протест го крева својот глас против сите видови притисок и застанува во одбрана на дигнитетот на професијата - новинар.

Токму затоа, наместо молк, почитувани колеги, Ве повикуваме на едноминутно громогласоно изразување на нашиот револт!

Бидејќи, за македонското новинарство не смее да има молк!

АКО ВИ Е ДО ТЕПАЊЕ,
ОВДЕ СМЕ ТЕПАЈТЕ!!!

Овој Проглас од Македонските новинари ја обиколи светската новинарска заедница. Гласот на новинарите од Македонија вторпат годинава е на насловната страница на веб-сајтот на Меѓународната федерација на новинарите. Меѓутоа гласот на новинарите се двоумеше да го слушне човекот пред чие министерство беше изразен револтот. Новинарите не прифатија нивна делегација да има средба со министерот за Внатрешни работи, Љубе Бошковски, во неговата канцеларија како што бараше МВР, туку побараа министерот да се појави пред насобраните новинари на протестот и да соопшти до каде се истрагите околу случаите на малтретирање на новинари од секаков вид. И покрај разумниот рок што му беше даден на министерот да се појави, тој тоа не го стори.

Бошковски се појави дури во моментот кога новинарите си заминуваа од пред МВР и тогаш даде изјава, немајќи храброст директно да се соочи со сите учесници на протестот. Затоа, за ЗНМ ваквата изјава на Бошковски е ирелевантна и целосно безначајна.

Со писма на подршка се јавија голем број на организации, институции, видни граѓани, но и поединци и пријатели на новинарството и новинарскиот еснаф.

(Проект менаџер во Здружението на новинарите на Македонија)

Регионални искуства во разоружувањето



# Меѓу наградата и казнувањето

Искуствата покажуваат дека најефикасна форма е комбинацијата на наградата и казнувањето

Неколку држави развија и имплементираа програми за собирање на оружјето како одговор на проблемите предизвикани од растурањето на оружјето меѓу населението. Таквите програми се изразени во различни облици. Тие можат да бидат или принудни, кои подразбираат пронаоѓање и конфискација на оружјето, како и казнување на оние што го поседуваат, или пак, консенсуални, кои овозможуваат доброволно разоружување, за што следува награда. Искуствата покажуваат дека најефикасна форма е комбинацијата на наградата и казнувањето. Лицата кои поседуваат оружје најверојатно ќе го прифатат повикот за разоружување доколку им се понуди стимуланс, на краток рок, а доколку подоцна го прекршат договорот да се соочат со казна.

**Албанија**

**Елементи на програмата:** Програмата беше имплементирана во областа Грамш, од јануари до летото 1999 година. Грамш е општина која опфаќа 91 село, со вкупно население од околу 56.000 жители. Организаторите решија да употребат нов пристап, односно понудија развојна помош од која ќе има полза целата заедница, во замена на собраното оружје. Ова решение се базираше на лекциите научени од една друга програма за собирање на оружјето, кога наградата во пари предизвикала несакани споредни последици. Проектот е заснован на еден интегративен пристап кон безбедноста и развојот наречен "безбедноста на прво место", чија цел беше зајакнување на способноста на локалните власти за обезбедување јавна безбедност. Како најургентни развојни потреби локалната заедница ги идентификува патиштата, телекомуникациите и полициската опрема. Собирањето се одвиваше паралелно со примената на развојните проекти. УНДП обезбеди генерална координација меѓу различните меѓународни организации, странските и домашните невладини организации и властите кои беа вклучени во програмата. Исто така, УНДП формира и фонд во кој вложуваа и странски и домашни донатори.

**Резултати од програмата:** Според УНДП беа собрани 6.700 парчиња лесно оружје и околу 100 тони муниција. Се тврдеше дека тоа претставува 80% од ограбеното оружје во таа област. Но, бидејќи податоците за достапноста на оружјето до луѓето, пред и по собирањето, не се веродостојни, тешко е прецизно да се утврдат постигнатите резултати.

Програмата ги посочи и најургентните безбедносни и развојни потреби на локалното население. Главната слабост на програмата е во тоа што, и покрај првичната намера на владата оружјето целосно да се уништи, досега е уништен само мал број, поради внатрешните несогласување во врска со ова прашање.

**Хрватска - Источна Славонија**

**Елементи на програмата:** Првата фаза на програмата за демилитаризацијата содржеше основање претставништво на УНТАЕС во регионот, како и разоружување и демобилизација на командните и контролните структури на Армијата на Српска Крајина (АРСК), на полицијата и на парамилитарните групи. Пред почетокот на втората фаза, УНТАЕС помогна во составувањето нов закон, со кој издавањето регистрации и дозволи за носење оружје се одвива во локалните полициски станици. Втората фаза на програмата, финансирана од хрватската влада, се состоеше од откуп на оружје од цивили во регионот. Се водеше една екстензивна кампања за информирање на граѓаните за оваа програма. За оние кои го враќаа оружјето се нудеше анонимност и исплата во кеш. УНТАЕС ја контролираше и набљудуваше постапката на собирање на оружјето, додека хрватските експерти ја утврдуваа состојбата и цената на оружјето.

**Резултати од програмата:** Според УНТАЕС, додека траеше програмата за откуп на оружјето беа вратени 8.152 пушки, 742 употребливи против-тенковски минофрлачи, 5.330 неупотребливи против-тенковски минофрлачи, 13.335 гранати, 1.7 милиони ремени со муниција. Бројот на собраното оружје беше далеку поголем од очекуваниот, иако голем дел најверојатно не беше вратен.

**Косово, Јужна Србија**

Во јуни 1999, со огромни напори беше постигнат мировен договор. Силите на НАТО во Косово (КФОР) и Ослободителната војска на Косово (ОВК) се спогодија ОВК да се демилитаризира и да се трансформира во униформирана, но невооружена организација. За време на демилитаризацијата, илјадници парчиња оружје беа доброволно положени, а повеќе од 2.000 парчиња нелегално оружје беа конфискувани.

## Разоружување, и на луѓето и на умот



ДР. БИЛЈАНА ВАНКОВСКА

Гледано во светски рамки, проблемот на разоружувањето, контролата и запирањето на пролиферацијата на малокалибарските и лесни оружја, претставува депресивно тежок проблем. За општествата кои се директно погодени, тоа е и прашање на опстанокот како цивилизирана заедница.

Решенијата треба да се бараат на повеќе нивоа, со вклучување на голем број на актери, но и во различни временски рамки. На пример, точно е дека изворите на насилство се најчесто вкоренети во соодветното општество, но тие најчесто не се оние кои го продуцираат оружјето. Тие се консументи на нешто што најчесто се произведува таму каде што има развиени технологии за тоа. Значи, потребно е да се води сметка за двата краја на приказната. Денес имаме парадоксална ситуација, меѓународните фактори стимулираат бројни асоцијации, проекти и студии за овој проблем, но ретко се осврнуваат на придонесот на развиените општества во овој светски проблем. Кога станува збор за нас, тука и сега, мислам дека треба да се концентрираме на оние работи на кои можеме да влијаеме самите. Барање на виновници на друга страна нема да помогне.

Балканските општества се познати по својата култура на оружјето, меѓутоа тоа е само поедноставување на проблемот, кој во последната деценија доживеа неверојатни пропорции. Проблемот на малите оружја и милитаризираните општества е проблем на конфликтите, на приватизацијата на безбедноста и колапсот на државниот монопол над насилството (преку негово сопствено јакнење), мафијата, организираниот криминал, но и на сиромаштијата, социјалната неправда и бесперспективност. Позната е изјавата на Вили Брант дека политиката на развојот е политика на мирот. Денес, ова се парафразира на начин дека градењето на мирот е пат на развојот.

До интегрално решавање на проблемот, кој еве за прв пат така јавно и јасно се посочува, треба да дојде по пат на краткорочни и долгорочни програми. Половични мерки не само што нема да го решат проблемот, туку можат и да го влошат. Минатогодишната "Жетва" беше добар почеток, но недоволен: Македонците сметаа дека тоа е премалку и недоволно, додека Албанците очекуваа да се разоружа македонската страна (за што нема точна евиденција колку е вооружена, што легално, што илегално).

Ќе биде потребно имплементирање на мерки во сферата на легислативата, судството, реформа на безбедносниот сектор, образованието, итн. Меѓутоа, сметам дека е огромна одговорноста на невладиниот сектор и во однос на стимулирање на државата да го стори своето, но и како агент на овој процес на микро-ниво. Кај нас постои мал број на експерти кои работат на ова проблематика, обично тоа се прави за странски грантови и без соодветен одек во општеството. Потребно е подигање на свеста кај популацијата, најмногу во руралните средини, за опасностите од малите оружја, но и за причините кои луѓето ги тераат да посегнат по оружје. Потребно е да се работи, долу на теренот, со луѓето, со вклучување на локалните структури и политичари, верските заедници, и слично - не само на разоружување на луѓето, туку и на умот. Во државни рамки, имаме право да очекуваме власта да се зафати со сопствената декомпозиција и трансформација во агент кој ќе биде способен за одржување на мирот и безбедноста на сите и секого.

Укинат член 10 од Законот за одбрана

## Приговорот на совеста без временско ограничување

На иницијатива на Информативниот центар за граѓанско општество, Уставниот суд на Република Македонија го укина член 10, став 1 од Законот за одбрана.

Укинатата одредба се однесува на повикувањето на правото на приговор на совеста и на цивилното служење на воениот рок. Дискриминирачката димензија се однесува на тоа што на ова право може да се повика само регрут, во рок од 15 дена од денот на приемот на поканата за регрутација.

Уставниот суд реши дека ова право не може да биде временски ограничено, како и тоа дека ги засега сите видови воени обврзници (војници и воените обврзници во резервниот состав).

Одлуката на Уставниот суд сите заинтересирани можат да ја најдат во Службен весник, од 20 септември, 2002 година.

## Демилитаризација на образованието



ЕМИЛИЈА СИМОВСКА

Несомнено е дека разоружувањето на граѓаните е приоритет кој не го спори ниту еден политички фактор, меѓутоа тоа не смее да се сведе само на конкретната постапка на одземање на оружјето. Доследната демилитаризација имено, значи и справување со сите фактори кои го произведуваат овој феномен. Притоа не го имам на ум само факторот „зголемена безбедност и стабилност", во кој граѓаните го наоѓаат своето оправдување за чување оружје, туку и најширокиот спектар на стимуланси на ова појава, кои се дел од политичката култура, а ги наоѓаме во сите агенси низ кои таа се пренесува, пред сè - во сферата на образованието.

Да наведам само еден од бројните примери. Постојат бројни анализи спроведени на учебниците по историја во балканските земји, вклучувајќи ја се разбира Македонија, од кои е евидентно дека нашите деца доминантно учат воена историја. Периодите во учебниците се делат на „пред" и „по" некоја војна. Етапите во развојот на цивилизацијата се класифицирани на сличен начин. Со другите народи се запознаваме главно низ воените алијанси. Наместо културата да биде факторот според кој ќе ги разликуваме епохите, таа е сведена на пропратна илустрација. Оружјата стануваат главна мерка за развиеноста на државите.А потоа сме изненадени зошто оружјето станува симбол, мода, стил... и се прашуваме од каде дошла „традицијата" да се пука на прослави и празници.

Заради тоа, кога зборуваме за демилитаризација на општеството, мораме да почнеме од коренот од кој никне нашиот однос кон оружјето. Реформирањето на содржините на воспитно образовниот процес мора да биде вградено во овој приоритет. Сè друго е само парцијално справување со последицата, и секако, нема да ги даде очекуваните ефекти. Ако остане желбата, можеме секоја година да го собираме целото оружје, а повторно да бидеме на почеток.

## Разоружувањето и мирот



САШО КЛЕКОВСКИ

Воспоставување на мирот во голем дел значи и справување со проблеми кои не се во директна врска со почетната причина на насилните судири. Од повеќето јас би ги издвоил поранешните учесници во судирот и оружјето.

Постои поврзаноста на широката достапност на оружје и војните. Роберт Хислоп во есејот "Затишје пред бура?", 2001, поставува теза дека војните во поранешна Југославија стана возможни со широката достапност на оружје од поранешната ЈНА (Хрватска, БиХ) и ограбеното оружје од нередите во Албанија во 1997 година (Косово, Македонија). Оружјето е поврзано и со традициите и безбедноста и довербата во оние што ја обезбедуваат безбедноста. Поранешните учесници во судирот од некогашната позиција на моќ и привелигиран статус во најголем дел се судруваат со заборав и маргинилизација.

Општествено исклучени луѓе и масивно достапно оружје сигурно водат кон насилие, без разлика дали е тоа манифестирано со воени судири и насилен криминал. Поради ова врска во моментов се во тек повеќе меѓународни кампањи за ограничување на лесното оружје (смалл армс). Затоа на Македонија и треба веднаш активности за социјална интеграција и разоружување.

Разоружувањето море да се состои од повеќе мерки, како краткорочни, така и среднорочни. Повеќето мерки се состојат од градење на јавна свест за разоружување, градење на довербата во оние што ја обезбедуваат безбедноста, кампањи за собирање на оружје проследено со амнестија или легализација на оружјето.

Дел од мерките се работа на власта, но улогата на НВО е неодминлива во повеќето мерки. НВО мораат да бидат носители на градење на јавната свест за потребата од разоружување, да укажуваат на врска на оружјето не со безбедноста туку напротив со небезбедноста. НВО треба да промовираат култура на ненасилие. Од друга страна НВО треба да имаат значителна улога во градењето доверба меѓу граѓаните и заедниците и институциите. Една од формите се комитети за градење доверба меѓу заедниците, НВО и полицијата. Сигурно прв чекор би бил поврзавање на сите НВО, но и медиуми и граѓани, спремни да помогнат.

Кампањата за фер и слободни избори е еден од примерите дека со соработка на сите страни може да се постигне успех.

## Генетски модифицирана исхрана

МАРИЈА КУКА

# Помош за гладните во светот или креирање мутанти?

На четириесет милиони хектари во светот се одгледува генетски модифицирана храна! Тоа значи дека на оваа површина може да се најде домат кој многу бавно скапува, пченица која со помош на изменетиот ген ќе даде многу подобар принос, ориз со повеќе витамин А. Решение за глад во светот? Дали? Генетскиот инженеринг ги иницираше научниците да ги проучуваат клетките и организмите и ги подобри условите за испитување во молекуларната биологија и во другите биолошки науки при што се создадоа ефективни методи за анализа на гените и протеините. Но...

Човекот не е експериментално зајаче, а научникот не е Творец, е клучната реченица на противниците на примена на генетскиот инженеринг во производството на исхрана и пласманот на генетски модифицирана храна на пазарот. Илјада причини „за“ и илјада и една причина „против“.

Заговорниците на биотехнологијата тврдат дека единствено со генетскиот инженеринг е можно да се произведе доволно храна за сè поголемиот број на жители на планетава, а во исто време да се смали потрагата по нови површини на плодно земјиште, како и да се избегне употреба на хемикалиите во земјоделието и во одгледување на домашни животни. На тој начин, тврдат тие, ќе се создаде светот на благосостојба. Од друга страна, оние кои никако не можат да се помират со тоа дека човештвото е на праг на ерата во која ќе се јаде риба со човечки ген или дека вкусните домати всушност „се облагородени“ со вакцина против грип, велат дека едноставно со производство на генетски модифицирана исхрана требало да се причека бидејќи од почеток на деведесетите, откога се работи на експерименти за оваа врста на исхрана, па до денес, не изминаа доволно години во коишто би можело да се согледа дали оваа врста на храна е корисна или штетна, и колку оваа најнова врста на храна влијае на човековото здравје и на екосистемот воопшто. Така, поради забрзаното производство, поголем профит и политички игри, ГМ исхраната од несигурен лабораториски експеримент стаса до трпезите на сите страни на светот. Македонците пак, и не знаат дали во нивните порции има и генетски модифицирана исхрана,бидејќи лабораторија за испитување на овој вид на храна во нашата земја не постои, законската регулатива за увоз на храна е либерален (дури премногу!), па така што ни сервираат тоа и ќе го јадеме!

На сцена стапи и етиката. Самиот факт дека човекот може да ги менува гените не значи дека тоа му е и дозволено. Продукцијата на трансгенетски организми носи во себе и потенцијална опасност од измена на наследните особини коишто во природа, без интервенција на човекот, никогаш не би се случиле.

> Првиот човек на тимот кој успеал да ја клонира овцата Доли изјави:„Не е потребно да се произведува генетски модифицирана храна за да има храна за сите во светот. Проблемот е во распределбата!“



Првиот човек на тимот кој успеал да ја клонира овцата Доли изјави:„Не е потребно да се произведува генетски модифицирана храна за да има храна за сите во светот, постојното производство сосема е доволно. Проблемот е во распределбата!“

Убаво кажано, но научникот заборавил дека денес царуваат политички интереси, а профитот е закон. Прашањето-„Што понатаму?“ останува отворено..

Поголем дел од генетски модифицирана храна потекнува од САД, а генетски изменета храна се произведува и во Кина, Аргентина, Канада, Бразил. Еден процент од светското производство на храна е генетски модифицирана храна, вели М-р Силвана Манасиевска - Симиќ, асистент по предметот Ботаника на Земјоделскиот факултет во Скопје. Очигледно е дека производството на овој вид храна е поврзано со економската и политичката моќ на земјата. Земјите на Европската унија го регулираа и го ограничија увозот на ГМ храна, но САД како главен произведувач остро реагира, бидејќи пазарот, поради законската регулатива се смалува, објаснува Манасиевска - Симиќ. Во земјите на Европска унија досега има 13 одобрувања за промет со овој вид на храна и тоа најчесто со пченка каде што има резистентност на инсекти или толерантност на хербициди. Исто така, во Западна Европа на пакувањето со генетски модифицираната храна постои декларација којашто му укажува на купувачот каков вид на производ ќе купите, со што на потрошувачот му се остава простор да одлучи дали ќе јаде генетски изменета храна или не.



М–р Силвана Манасиевска – Симиќ: „ Производството на ГМ храна е поврзано со економска и политичка моќ на земјата.

Манасиевска - Симиќ објаснува дека генетските модификации се случуваат кога во едно растение, поточно во неговиот геном, ќе се внесе одреден ген, којшто ќе го промени тоа растение и притоа тој геном ќе се пренесува и во наредните генерации. Притоа овие растенија не можат да се најдат во природни услови, во надворешна средина.

„Пред десетина години фирмата „Монсантино“ почнала да испитува модификации кај сојата. Сојата е најмодифицирана од сите растенија така што сега е реткост оригиналното, природното семе на сојата. Генетски модифицираната соја е отпорна на препаратот „руандап“ којшто е тотален хербицид. Производите коишто потекнуваат од генетски модифицирана соја треба да имаат посебна декларација на којашто ќе пишува дека во производот има ГМ елементи. Производите од модифицирана соја, на пример масло, не се генетски модифицирани,бидејќи во самиот процес на производство, при рафинирање гените што се вметнати во сојата се уништуваат. Таква соја може да се користи во исхраната на човекот. При експериментите во лабораториски услови не е забележано дека модифицираната соја штетно влијае врз организмот на опитните животни. Но, генот којшто е промотор кај сојата, кај компирот дава отпорност од црви и инсекти коишто се наоѓаат во почвата, но компирот веќе не влегува на листата на здрава храна, а тоа го покажаа и анализите на животните кои биле хранети со оваа врста на компир. Имено, кај животните се забележани промени на дигестивниот тракт, на нивниот раст, а ослабнал и имунолошкиот систем, истакнува М-р Силвана Манасиевска - Спасиќ.“



Освен негативните мутации, генетски модифицираната храна може да има и позитивни својства. На пример, резистентност на хербициди и на исектициди. се подобрува квалитетот на растенијата кои со ГМ состојки стануваат отпорни и на одредени вируси.

На удар на генетските модификации не се само растенијата, и животните се во „игра“.

„Создавање на генетски модифицирани животни е постапка пододготрајна од онаа на создавање ГМ растенија. На пример, кај животните имеме клонирање со вметнување на одреден ген во геномот на дадениот организам со хормонот соматотропин којшто предизвикува поголем раст кај животните. Тоа е добро од една страна, но самото животно многу ја зголемува масата и ако тоа се пренесува во следните генерации ќе се добијат гигантски животни, што звучи помалку и застрашувачки“, додава Манасиевска-Симиќ.

Генетски модифицираната храна не треба априори да се отфрли, но и не треба да се биде заслепен од сите чуда на науката, особено од оние што носат профит. Очигледно дека во годините што доаѓаат клучниот збор во генетскиот инженеринг ќе биде - свеста на човекот.

---

ГОНЦЕ ЈАКОВЛЕСКА

## НВО САЕМ
# ФОРУМ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Од 29 октомври до 1 ноември, годинава, во хотелот Александар палас во Скопје, ќе се одржи вториот НВО Саем - форум на граѓанското општество во Македонија.

НВО Саемот ќе биде можност за подобрување на меѓусебната комуникација на невладините организации и можност за подобрување на информираноста на јавноста за граѓанското општество. Манифестацијата ќе се состои од неколку сегменти: изложбени активности, форумски активности, едукативни сесии и социо-културни настани.

Изложбениот дел ќе им овозможи на НВО да ги презентираат своите активности преку штандовите, постер или АВ презентации додека, пак, форумскиот дел треба да отвори простор за меѓусебно информирање и дискусија за стратешките интереси на граѓанското општество, и да послужи за одредување на приоритетите за застапување и лобирање. Во текот на Саемот ќе бидат организирани едукативни сесии на теми поврзани со јакнење на институционалниот капацитет на НВО, а преку социо-културните настани ќе се овозможи дружење, комуникација и подобро меѓусебно запознавање на НВО учесници на саемот.

НВО Саемот за прв пат се организараше минатата година. Реакциите на учесниците и посетителите беа повеќе од позитивни. Речиси сите препораки до организаторите беа НВО Саемот да прерасне во традиционална манифестација.

Оваа година организатори на НВО Саемот - форум на граѓанското општество во Македонија се Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Фондацијата Институт отворено општество-Македонија (ФИООМ), Институтот за трајни заедници (ИТЗ) и Католичките служби за помош (ЦРС).

За сите заинтересирани посетители, влезот на НВО Саемот ќе биде бесплатен.

## НВО саем

# Форум на граѓанското општество

**ГОНЦЕ ЈАКОВЛЕСКА**



Од 29 октомври до 1 ноември, годинава, во хотелот Александар палас во Скопје, ќе се одржи вториот НВО Саем - форум на граѓанското општество во Македонија.

НВО Саемот ќе биде можност за подобрување на меѓусебната комуникација на невладините организации и можност за подобрување на информираноста на јавноста за граѓанското општество. Манифестацијата ќе се состои од неколку сегменти: изложбени активности, форумски активности, едукативни сесии и социо-културни настани.

Изложбениот дел ќе им овозможи на НВО да ги презентираат своите активности преку штандовите, постер или АВ презентации додека, пак, форумскиот дел треба да отвори простор за меѓусебно информирање и дискусија за стратешките интереси на граѓанското општество, и да послужи за одредување на приоритетите за застапување и лобирање. Во текот на Саемот ќе бидат организирани едукативни сесии на теми поврзани со јакнење на институционалниот капацитет на НВО, а преку социо-културните настани ќе се овозможи дружење, комуникација и подобро меѓусебно запознавање на НВО учесници на саемот.

НВО Саемот за прв пат се организараше минатата година. Реакциите на учесниците и посетителите беа повеќе од позитивни. Речиси сите препораки до организаторите беа НВО Саемот да прерасне во традиционална манифестација.

Оваа година организатори на НВО Саемот - форум на граѓанското општество во Македонија се Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Фондацијата Институт отворено општество-Македонија (ФИООМ), Институтот за трајни заедници (ИТЗ) и Католичките служби за помош (ЦРС).

За сите заинтересирани посетители, влезот на НВО Саемот ќе биде бесплатен

НВО Саемот ќе биде можност за подобрување на меѓусебната комуникација на невладините организации и можност за подобрување на информираноста на јавноста за граѓанското општество

## Меѓународен самит за родова еднаквост во Мексико

# Родово промислување на глобализацијата

Меѓународниот форум организиран од Тхе Ассоциатион фор Њоменжс Ригхтс ин Девелопмент) е најголемиот интернационален самит за родова еднаквост, надвор од системот на Обединетите нации. Овој форум обезбедува неспоредлива можност за развој на стратегии, размена на идеи, стекнување вештини и обезбедување поддршка, чија цел е унапредување на родовата еднаквост и социјалната правда.

Стотици лидери, научници и практичари ќе се сретнат од 3 до 6-ти октомври, во Мексико, да ги разгледаат не само економските, туку и политичките, социјалните, еколошките и културните импликации на глобализацијата. Тие ќе дискутираат за остварливите алтернативи на непоткрепените, недемократските и експлоататорските форми на глобализација. Во текот на повеќе од 150 работилници и дебати, жените и мажите од целиот свет ќе ги анализираат актуелните пристапи кон економската и политичка промена и ќе бараат начин како во годините што следат нивните идеи да прераснат во конкретни акции.

Целта на овој форум е да обезбеди сигурен простор за критичка анализа, да ја деполитизира заедницата за род и развој, и да го испита начинот на работа кој што повеќе трансформира отколку што реагира. Овогодинешниот форум ќе обезбеди платформа за решителен пристап кон длабоки глобални промени и нивно влијание врз животот на жените.

## Истражувачки центар за родови студии

# Женската усна историја: Биографија и приказна

Истражувачкиот центар за родови студии, при Институтот "Евро-Балкан", кон крајот на месецов ќе организира курс посветен на женската усна историја.

Курсот ќе ги проучува теоријата и методологијата на усната историја и женските приказни, ќе ги претстави феминистичките методи, а ќе анализира, и некои тековни истражувања и нивните резултати од феминистичка гледна точка. Бидејќи усната историја е техника и начин за конструирање истории, курсот ќе се обиде да понуди преглед на различните начини на конструирање информации и на нивното анализирање во поширок методолошки контекст.

Предавањата ќе се одржат во просториите на Институтот "Евро-Балкан", бул. "Партизански одреди" бр. 63, во Скопје, а предавач ќе биде

д-р. Андреа Пето, ЕЛТЕ, Етхниц анд Минорит**s** Студиес, Университ**s** оф Мисколц.

Заинтересираните треба да достават куса биографија и писмо за мотивација (не подолго од 20 реда) на адресата: дусицаЖсонет.цом.мк или на факс: (02 ) 375 570/ 102, најдоцна до 14 октомври, 2002. Учеството на курсот е бесплатно. Подетални информации се достапни на: www.euba.org.mk/oralhistorycourse.htm

## Акција Здруженска

# Развој на одржливо женско движење

Развојот на одржливо женско движење во Македонија, компетентно во поглед на женските човекови права и прашањата за родова еднаквост, а во согласност со глобалните знаења и потреби, е основната мисија на неодамна промовираната Акција Здруженска.

Овој женски тим чија определба се стекнувањето вештини и способности за идентификување и одговор на специфичните потреби за надминување на родовата нееднаквост во општеството, е составен од 9 жени-обучувачи кои своите знаења ги стекнаа во рамките на програмата "Обука на обучувачки за женски НВО во Македонија".

Обуката е реализирана во соработка со Тим Три, професионален тим на инструкторки од Југославија, а е финансиски поддржана од Фондацијата Институт отворено општество - Македонија и Фондацијата Чарлс Стјуарт Мот.

Членките на Акција Здруженска во следните шест месеци ќе спроведат серија обуки за активистките на женските невладини организации во државава.

# СЕ БАРА!






– Лицето на сликата во левиот агол, последен пат е забележано во јавноста на 16. 09. 2002 година, меѓу 00:45 и 01:00 часот. Од тој момент му се губи секаква трага.

– На фотографијата лево е претставен фото–робот без брада затоа што постои можност дека ја отстранил.

– Ова лице беше хиперактивно и убиквитетно во медиумите за време на предизборието за потоа мистериозно да исчезне, што предизвика страв дека нешто му се случило. Секаква информација за неговиот моментен статус е добредојдена.

– Ве молиме доколку го забележите да го повикате првиот новинар на кој што ќе наидете за да му земе изјава.

**ЗАГРИЖЕНА ЈАВНОСТ**

# КРАЈ!!!

## Само што започнавме

„Моќта е во народот'' беше мотото на кампањата за мотивација на гласачите да излезат на гласање. Во рамките на кампањата беа отпечатени билборди, сити–лајтови, картички, маици и друг материјал. Кон неа се приклучија преку 100 невладини организации кои работеа низ цела Македонија. За обезбедување на транспарентност, но и за да се подобри комуникацијата меѓу медиумите, граѓаните и НВО, беше формиран НВО инфоцентарот кој работеше во скопското кафуле „Медиум''. Во 45–те дена од неговото функционирање само во 15–тина не се случуваше ништо, од нив 10 беа викенди. Во инфоцентарот се организираа прес – конференции, трибини, дебати и презентации, организирани од страна на НВО. Во негов состав функционираше и женскиот изборен прес – центар, кој дистрибуираше материјали и анализи за родовата димензија на изборите.

Како заеднички проект на НВО инфоцентарот и „Утрински Весник„ се создаде овој подлисток, што го држите в раце.

На првата прес– конференција одржана во НВО инфоцентарот беше речено дека крајната цел на целокупната активност на НВО е „Изборен ден поминат во фер и демократска атмосфера без насилство, со добар одзив на гласачите''. Таа цел е исполнета. Ние кои што работевме таму, знаеме дека бевме составен дел на нешто многу поголемо. Бевме составен дел од една голема победа на демократијата, во којашто свој придонес дадоа и институциите на системот, и медиумите, и НВО, но пред сѐ, најголемиот придонес го дадоа– граѓаните.

Тие покажаа дека моќта, сепак, е во народот!

Бидејќи моќта останува во народот и по завршувањето на изборниот процес, работата на НВО под овa мото нема да запре. За почеток, овој подлисток ќе продолжи да излегува еднаш месечно и ќе продолжи да ја информира македонската јавност за пулсот на „третиот сектор„ или „петтата колона„ (кој како милува).

Во броевите што ќе следат ќе се обидеме да отвориме некои теми кои логично надоаѓаат и стануваат приоритет за цивилниот сектор. Како што можеби забележавте, веќе втор број ја обработуваме темата за разоружувањето, таа е прва во низата што ќе бидат третирани.

Значи, следниот број ќе излезе по еден месец, затоа што иако изборите поминаа моќта, сепак, останува во народот.

Роберто Беличанец